**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2025 ГОДИНА

Скопје, април 2026 година

**МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2025 ГОДИНА**

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ги извршуваше своите активности во текот на 2025 година во согласност со законите, Статутот на СБ и интерните прописи.

2. Во текот на 2025 година, Банката работеше во услови на значајни промени во својата управувачка структура, вклучително и промени на највисокото раководно ниво, освежување на составот на Надзорниот одбор, како и започнување на нејзината трансформациска програма. Управниот одбор обезбеди континуитет во работењето и одржа ефикасна организација и надзор над сите активности поврзани со остварувањето на буџетираните цели. Надзорниот одбор редовно го следеше спроведувањето на стратешките и оперативните цели, вклучително и преку квартални извештаи доставувани од Управниот одбор кои опфаќаа финансиски и нефинансиски податоци, како и активности на Одборот за управување со ризици.

3. Имајќи ги предвид перформансите на СБ во 2025 година, како што е прикажано во Годишниот извештај, Надзорниот одбор потврдува дека СБ продолжи со своите успешни резултати, и покрај предизвиците со кои се соочуваше во текот на целата година, и оствари одлични резултати. Како една од системските значајни банки, Стопанска банка и во 2025 година продолжи со остварување на успешни резултати, завршувајчи ја годината со добивка пред исправка на вредност и резервации во износ 84,6 милиони евра, што резултираше со добивка пред оданочување од 60,2 милиони евра. Вкупните средства на Банката се зголемија за 9% и изнесуваа 2.556 милиони евра. Со вкупен капитал и резерви во износ од 466 милиони евра, Стопанска банка останува високо капитализирана банка, со стапка на адекватност на капиталот од 18,9%. Овој позитивен резултат го одразува успехот на долгорочната стратегија на Банката, која доследно се спроведува од стекнувањето на Банката од страна на НБГ во 2001 година.

4. Како и претходните години, Банката исто така имаше значителен придонес за пошироката заедница со своите проекти за општествена одговорност (ООП). Со поддршка на одржливи проекти за промовирање на културата, образованието, спортот и здравјето, Банката е вклучена во речиси секоја сфера на општествениот живот.

5. Годишниот извештај дава целосен преглед на работењето на СБ во 2025 година и остварените финансиски резултати. Следејќи го Законот за трговски друштва и Правилата за котација на Македонската берза, Годишниот извештај систематски и темелно ги прикажува работењето на деловните линии на Банката, контролните функции, макроекономското опкружување во кое работеше Банката и истиот го вклучува Извештајот за корпоративно управување.

6. Според наше мислење, Годишниот извештај на Стопанска банка АД - Скопје за 2025 година, фер и објективно го прикажува работењето на Банката во текот на 2025 година.

7. Надзорниот одбор им изразува благодарност на сите клиенти, вработени, партнери и акционери на СБ за нивната доверба и поддршка во текот на годината.

Н.О. бр----------/2026
27.04.2026
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**
Маринис Стратопулос